# FUNCTIONALITY OF THE SYSTEM OF PROTECTION AND RESCUE IN FLOOD MANAGEMENT IN THE SKOPJE REGION IN 2016

**Mende Solunchevski, Ph.D**
Ministry of Defence, Military Academy, Republic of Macedonia, mendesolun@yahoo.com
**Maja Timovska, Ph.D**
Directorate for Protection and Rescue, Military Academy, Republic of Macedonia,
timovskam@yahoo.com

**Abstract:** Protection and Rescue System are organized for detection and prevention of occurrence and elimination of consequences caused by natural disasters and other accidents that endanger people's lives and property. The functionality of the system for protection and rescue is accomplished through the basic functions of management: planning, organizing, managing, controlling and so on. Stated functions implemented by state authorities, state government, local government, public enterprises, public institutions and services, companies, NGOs, citizens and forces for protection and rescue.

Southeast Region of Skopje in the evening of August 6, 2016 is affected by storm with heavy rainfall and strong winds that caused floods predominantly in the municipality of Gazi Baba. Most affected areas were Stajkovci, Cento, Sindelic, Strachinci, Bulachani, Viniche, Creshevo, Kamnik, Rashtanski time and others. Flooded region were involved subjects of the Protection and Rescue System. However floods killed 22 people over 50 were injured and taken huge material damage.

The subject of this paper is to review the functioning of the Protection and Rescue System in dealing with this natural disaster, which are its positive and negative characteristics of its functioning and that the lessons learned for the future.
**Keywords:** functions, flood, protection, rescue, damages.

# ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО СПРАВУВАЊЕ СО ПОПЛАВИТЕ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО 2016 ГОДИНА

**Вонр.проф. д-р Менде Солунчевски,**
Министерство за одбрана-Воена академија, Република Македонија, mendesolun@yahoo.com
**Д-р Маја Тимовска,**
Дирекција за заштита и спасување, Воена академија, Република Македонија,
timovskam@yahoo.com

**Резиме:** Системот за заштита и спасување се организира за откривање и спречување на настанување и отстранување на последиците настанати од природни непогоди и други несреќи, со кои се загрозуваат животите на луѓето и материјалните добра. Функционалноста на системот за заштита и спасување се остварува преку основните функции на менаџментот: планирање, организирање, раководење, контрола итн. Наведените функции ги спроведуваат државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување.

Југоисточниот регион на Скопје во вечерните часови на 6 август 2016 е погоден од невреме проследено со обилни врнежи од дожд и со силен ветер кои предизвикаа поплави доминантно на територијата на општина Гази Баба. Најзагрозени подрачја беа Стајковци, Чento, Сингелиќ, Страчинци, Булачани, Виниче, Цршево, Камник, Раштански пат и други. Во поплавениот регион беа ангажирани субјектите на системот за заштита и спасување. Сепак во поплавите загинаа 22 лица повеќе од 50 се повредени и се направени огромни материјални штети.

Предмет на овој труд е приказ на функционирањето на системот за заштита и спасување во справувањето со оваа природна непогода, кои се негови позитивни и негативни карактеристики од неговото функционирање и кои се научените лекции за во иднина.
**Клучни зборови:** функции, поплава, заштита, спасување, штети.

**ВОВЕД**

Основна цел на Системот за заштита и спасување (СЗС) е заштита и спасување приоритетно на населението, а потоа и материјалните добра од природни непогоди и другио несреќи. За остварување на оваа цел презема низа превентивни, оперативни и асанациски мерки и задачи.

Со негово ефективно и ефикасно функционирање ги постигнува поставените цели и ги остварува зацртаните задачи во мир, кризна, вонредна и воена состојба. Функционирањето на СЗС се остварува преку менаџерските функции: планирање, организирање, раководење и контролирање. Тие се меѓусебно поврзани и испреплетени со одредени специфики за секоја новонастаната состојба.

Во овој труд е даден краток приказ на ефективноста и ефикасноста на менаџерските функци врз основа на обемно истражување на човечките ресурси кои се дел од овој систем. Теоретскиот преглед и истражувачките резултати за функционирањето на СЗС се тестирани во поплавите во Скопскиот регион во 2016 година.

**МЕНАЏМЕНТ ФУНКЦИИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

**Планирање**

Планирањето претставува мисловна активност насочена кон проектирање на оганизациските цели.[106] Значаен дел од планирањето е стратегиското планирање, кое претставува процес на дефинирање на визија, мисија и стратегија со фокусирање на начините и ресурсите за нејзина успешна реализација.[107]

Планирањето во заштитата и спасувањето се состои од воспоставување: визија, мисија, цели, проценка на загрозеност, стратегија и план за ЗС. Визијата е воспоставување на ефикасен СЗС во Република Македонија (РМ) во согласност со потребите на современото опшество. Мисијата е континуирана заштита и спасување на населението и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи.[108] Основна цел на СЗС е заштита и спасување на населението и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи (ПНДН). Од оваа основна цел произлегуваат повеќе цели. Целите може да се разгледуваат организираност на самозаштитата; дневник на активности во заштита и спасување; работна карта за следење на состојбата и др.[109]

**Организирање**

Организирањето е процес на создавање на организациска структура и дизајн. Организациската структура и дизајн вклучуваат: специјализација, департманизација, воспоставување врски за поднесување извештај, дистрибуција на авторитет и координација[110].

Организацијата на СЗС во РМ ќе ја претставиме според два критериуми. *Прво,* организацијата на СЗС преку видот на субјектите кои се партиципиенти и нивните основни надлежности во областа на заштита и спасување. *Второ,* организацијата на СЗС преку основните елементи.

Според прводот критериум во СЗС учествуваат: Собранието на РМ, Владата на РМ, органите на државна управа, Армијата на РМ (АРМ), единиците на локална самоуправа (ЕЛС), трговските друштва, јавни установи и служби, невладини организации, граѓаните и силите за заштита и спасување[111]. Во рамките на СЗС одговорни субјекти се: Дирекцијата за заштрита и спасување (ДЗС) и единиците на локална самуправа (ЕЛС).

ДЗС е самостоен орган на државната управа формиран заради извршување на работите на заштита и спасување од ПНДН. За извршување на своите надлежности ДЗС е организирана во седум сектори со 22 одделенија, 2 независни одделенија и 35 подрачни одделенија за ЗС на територијата на РМ.

ЕЛС е заедница на жители на одредено подрачје утврдено со закон која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби овозможува вршење на надлежности

[106] Димитровски, Р., Менаџмент, ИМЗ, Скопје, 2008, стр.157.
[107] Стафановска, Л., Солунчевски, М., Стратегиски менаџмент, БАС, Скопје-Битола, 2015, стр.18.
[108] www.dzs.gov.mkhttp://www.dzs.gov.mk/ node.aspx?id=78 (пристапено 14 февруари, 2015)
[109] http://www.psm.mk/nov/images/stories/dokumenti (пристапено 13 февруари, 2016)
[110] Грифин, Р., Principles of management, Основи на менаџмент (превод) Генекс, Кочани, 2010, стр. 140.
[111] Закон за заштита и спасување, Службен весник на РМ, број 36/2004

пропишани со закон.[112] Од аспект на заштита и спасување во ЕЛС се систематизирани работни места во администрацијата и територијалните противпожарни единици (ТППЕ)[113].
Според вториот критериум СЗС е организиран од следните елементи: самозаштита, мерки за заштита и спасување и сили за заштита и спасување.114

**Раководење**

Раководењето во ЗС ќе го разгледаме од два аспекти: ***прво,*** раководење во СЗС во поширока смисла која го одразува целокупниот процес на работење на вработените во ДЗС и ЕЛС и *второ,* раководење и командување со акциите за заштита и спасување од ПНДН.

*Според првиот критериум* во СЗС раководи Владата на РМ преку ДЗС. Со ДЗС раководи директор именуван од Владата на РМ. Во негово одсуство раководи заменик директор, исто така именуван од Владата на РМ [115]. Останатите раководни структури во ДЗС се административни службеници. Во ДЗС раководат раководители на сектори и заменици раководители на сектори. Во секторите функционираат повеќе одделенија со кои раководат раководители на одделенија.

Со ЕЛС раководи градоначалник избран на непосредни избори од граѓаните и совет составен од различен број на советници во зависнот од бројот на населението во ЕЛС, исто така избрани на непосредни избори од страна на граѓаните. Со заштитата и спасувањето раководат советници-административни службеници, во рамките на некој од секторите или одделенија во ЕЛС каде нема сектори. Со територијалните противпожар ни единици (ТППЕ) и од аспект на периодот на дејствување, пред, за време или после ПНДН. Во таа смисла основни цели се: превенција од природни непогоди и други несреќи**;** одговор во случај на настанување на природни непогоди и други несреќи**;** отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи. [116]

РМ има изработено Проценка на загрозеност од ПНДН, Стратегија за заштита и спасување и План за заштита и спасување од ПНДН. Во Планот за заштита и спасување разработуваат документи за: подготвеност на силите за заштита и спасување, материјално-технички средства (МТС) и опрема; мобилизација на силите за заштита и спасување, МТС и опрема и ангажирање на силите за заштита и спасување, МТС и опрема.[117]

Планот за заштита и спасување содржи: Проценка на загрозеност од ПНДН; План за заштита и спасување по мерките за заштита и спасување; План за употреба на силите за заштита и спасување; План за врски и Посебни документи. Како посебни документи во Планот за заштита и спасување влегуваат: преглед на силите за заштита и спасување; преглед на материјално техничката опременост на силите за заштита и спасување; преглед на трговски друштва (ТД), јавни претпријатија (ЈП), јавни установи и служби (ЈУС) кои се ангажираат на задачи за заштита и спасување и нивна материјална и кадровска опременост; преглед на здруженија на граѓани, хуманитарни и невладини организации кои се ангажираат на задачи за заштита и спасување и нивна материјална и кадровска опременост; преглед на состојбата на

раководат командирите на ТППЕ. За раководење со заштитата и спасувањето е многу значајно: Запознавање на работата и вработените; Развој на ефективна и ефикасна комуникација во организацијата; Потикнување и развој на тимска работа итн.[118]

*Според вториот критериум* во раководење и командување со акциите за заштита и спасување од ПНДН хиерархиската одговорност од горе надолу следува според следниот редослед: Командантот на Главниот штаб за заштита и спасување (ГШЗС) за својата работа е одговорен пред Владата, а командантите на подрачните штабови за заштита и спасување (ПШЗС) се одговорни пред директорот на ДЗС. Командирите на единиците и раководителите на тимовите пред командантот на ПШЗС. Командантите на просторните штабови за заштита и спасување се одговорни пред органот што ги формира, а командирите на единиците пред командантот на просторниот штаб за заштита и спасување. Со единиците на теренот командуваат командирите и командите на соодветните единици на

[112] Закон за локална самоуправа, Службен весник на РМ, бр.5/2002
[113] Закон за пожарникарство, Службен весник на РМ, бр.67/2004
[114] Закон за заштита и спасување, (пречистен текст) Службен весник на РМ, бр93/2012,
[115] Закон за заштита и спасување, Службен весник на РМ (пречистен текст) број 93/2012, член 19.
[116] Закон за заштита и спасување, Службен весник на РМ, 36/2004, http://www.dzs.gov.mk/node.aspx?id=1
[117] Уредба за начинот на ракување и употреба на планот за ЗС од ПНДН на РМ и за содржината ракувањето и употреба на плановите за ЗС на ЕЛС, ТД,ЈП,ЈУС, службен весник на РМ, број 76/2006.
[118] Солунчевски М., Тимовска М., Современ менаџмент на СЗС, (работен текст), 2016, стр.205

територијата на која се ангажирани во акциите за заштита и спасување на населението и материјалните добра од ПНДН[119]. Во акциите за заштита и спасување од ПНДН се ангажираат сили на АРМ одкако ќе се исцрпат останатите можности. Со силите на АРМ кои се ангажираат во акциите за заштита и спасување од ПНДН раководи Претседателот на РМ (врховен командант на АРМ) преку овластени раководители. За обезбедување на акциите за заштита и спасување од ПНДН се ангажираат сили на Министерството за внатрешни работи (МВР). Со силите на МВР кои се ангажираат во акциите за заштита и спасување од ПНДН раководи министерот за внатрешни работи преку овластени раководители.

**Контролирање**

Контролирањето е процес со помош на кој менаџерите набљудуваат и регулираат колку ефикасно и ефективно организацијата и нејзините членови ги извршуваат активностите неопходни да се одтварат поставените цели. [120]

Контролирањето во заштита и спасување регулира колку ефикасно и ефективно СЗС ги извршува своите функции и ги остварува поставените цели. За успешно спроведување на контролата во наведените области најпрво се поставуваат стандарди на контрола. Сите плански решенија кои се однесуваат на мерките за заштита и спасување и на силите за заштита и спасување претставуваат стандарди за контрола. Покрај нив постојат и бројни други стандарди на контрола кои се регулирани со позитивната норматива во заштита и спасување. Спроведување на стандардите се врши преку инспекциски надзор. Инспекциски надзор во СЗС спроведуваат генералниот инспектор, инспекторите на ДЗС и инспектори на други органи на државна управа. Генералниот инспектор, инспекторите на ДЗС и инспекторите на Директоратот за инспекција за утврдените недоследности составуваат записник. Во записникот предлагаат мерки за постигнување на стандардите. Мерките можат да бидат превентивни со определување на временски период за отстранување на недоследностите или казнени со изрекување на прекршочна, кривична или материјална одговорност. Доколку инспекторот за заштита и спасување при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности, поднесува барање за поведување постапка пред надлежната комисија[121]

**РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Истражувањето е вршено во 2016 година на вработените во ДЗС и ЕЛС кои работат на проблематиката од областа на заштитата и спасувањето (администрација и ТППЕ) и врз силите за заштита и спасување. Истражувањето е вршено на целата територија на РМ. Примерокот го сочинуваат 480 испитаници. Исказите се движат од 1-не се согласувам до 5-целосно се согласувам. Со 0 се означени учесниците кои не дале никаков одговор на исказот. Во продолжение следува збирен преглед на резултатите кои се однесуваат на менаџерските функции во СЗС.

**Табела 1 Планирање во Системот за заштита и спасување**

| | **И С К А З** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **0** | **СЕ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Планот за ЗС за мојата територија е реален | 41 | 63 | 162 | 145 | 41 | 28 | 480 |
| 2 | Планските решенија за мерките за ЗС од ПНДН на мојата територија се реални | 22 | 78 | 202 | 98 | 43 | 37 | 480 |
| 3 | Планските решенија за силите за ЗС од ПНДН во мојата ОЕ/ЕЛС се реални | 42 | 61 | 205 | 108 | 41 | 23 | 480 |
| | **Планирање/ Вкупно** | **105** | **202** | **569** | **351** | **125** | **88** | **1440** |

Од табелата се гледа дека испитаниците доминантно или 41,4% се согласувааат и 24,3% значително се согласуваат со планот за заштита и спасување и планските решенија според мерките и силите за заштита и спасување. Но, исто така не е мал бројот од 7,3% кои не се согласуваат или 14,0% делумно се согласуваат со актуелните плански решенија, како и 6,1% испитаници кои не дале одговор. Ваквата констатација остава простор за подобрување на планирањето во СЗС.

[119] Уредба за начинот на раководење и командување со силите за ЗС, Службен весник на РМ, бр18/2006.
[120] Garet, J,, Jennifer, G., Contemporary management, Современ менаџмент (превод), 2010, Скопје, 431.
[121]

**Табела 2 Организирање на Системот за заштита и спасување**

| | И С К А З | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 0 | СЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мојата ОЕ има соодветна систематизација согласно надлежностите што ги има во СЗС | 80 | 100 | 185 | 60 | 0 | 55 | 480 |
| 2 | Во мојата организација има преклопување на надлежности во ЗС со други субјекти | 40 | 60 | 163 | 40 | 20 | 157 | 480 |
| 3 | Мојот/а штаб / единица има соодвен личен состав | 23 | 36 | 60 | 40 | 20 | 301 | 480 |
| | **Организирање /Вкупно** | **143** | **196** | **408** | **140** | **40** | **513** | **1440** |

Доминантен број од вработените во организациските единици (ОЕ) на ДЗС, ЕЛС и ТППЕ 51% се согласуваат со систематизацијата на нивната ОЕ. Сепак голем процент 46,4% сметаат дека истата има преклопување на надлежности со други субјекти во областа на заштита и спасување. Дискутабилен е бројот на испитаници кои не дале одговор во делот на соодветноста на личниот состав на штабот/единицата во која се распоредени 62,7%. Тоа остава простор дека огромен број од припадниците на силите во изминатите години немаат учествувано во активности со нивниот штаб/единица. Сепак збирно согледано преку трите искази само 40,8% од испитаниците имаат позитивно мислење за организирањето на СЗС, а 23,7% имаат негативно мислење и останатите 35,5% немаат свое мислење. Ваквиот резултат остава пртостор за размислување од промена во организациската структура и дизајн на СЗС.

Од оние кои не се согласуваат или делумно се согласуваат со систематизацијата на ОЕ, сметаат дека треба да се редефинира бројот на работни места, а во поглед на силите за заштита и спасување, да се намали бројот на единиците.

**Табела 3 Раководење во Системот за заштита и спасување**

| | И С К А З | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 0 | СЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Раководење со СЗС | 20 | 103 | 107 | 145 | 60 | 45 | 480 |
| 2 | Раководење и командување со акциите за ЗС | 35 | 49 | 50 | 45 | 0 | 301 | 480 |
| | **Раководење/Вкупно** | **55** | **152** | **157** | **190** | **60** | **346** | **960** |

Доминантниот број 65% од испитаниците имаат позитивно мислење за секојдневното раководење со СЗС, но не е мал процентот 25,6% кои не се согласуваат или делумно се согласуваат. Што се однесува до раководењето и командувањето со акциите за заштита и спасување поделени се ставовите на учесниците кои не се согласуваат или делумно се согласуваат 8,7% наспроти кои се согласуваат или значително се согласуваат 9,9%. Големата бројка на испитаници 36% кои не дале одговор упатува на немање искуство на голем број на испитаниците особено на припадниците во силите за заштита и спасување во акциите за заштита и спасување од ПНДН.

Како најголеми забелешки на испитаниците во акциите за заштита и спасување се истакнуваат непознавањето на задачите од страна на учесниците и нередоследно ангажирање на силите во акциите за заштита и спасување на населението и МД од настанатите ПНДН.

**Табела 4 Контролирање во Системот за заштита и спасување**

| | И С К А З | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 0 | СЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стандардите и нормите според кои се врши контролата се реални | 78 | 42 | 144 | 104 | 60 | 52 | 480 |
| 2 | Одговорните лица спроведуваат ефективна и ефикасна контрола | 85 | 100 | 140 | 70 | 25 | 60 | 480 |
| | **Контролирање / Вкупно** | **163** | **142** | **284** | **174** | **85** | **112** | **960** |

Најголемиот број од испитаниците 51,6% се согласуваат и значително се согласуваат со стандардите кои се користат за надзор и контрола врз субјектите и вработените во СЗС. Сепак не е за

занемарување и бројот на испитаници 25% кои не се согасуваат или делумно се согласуваат со воспоставените стандарди преку позитивната норматива. Скоро половина од испитаниците 48,9% сметаат дека одговорните лица-инспекторите и раководните структури спроведуваат ефективна и ефикасна контрола. Сепак не е за занемарување и бројот на испитаници 38.5% кои не се согласуваат или делумно се согласуваат со пристапот во спроведување на контролата во субјектите во СЗС. Збирниот преглед кои го сочинуваат стандардите за контрола и спроведување на истата укажува дека контролирањето придонесува за ефективно и ефикасно функционирање на СЗС, но има забелешки во поглед на видот на контролата.

Испитаниците сметаат дека доминантно функционира систем на контрола врз вработените наспроти воспоставување на систем на контрола врз планирани и остварени резулктати. Скоро сите испитаници се согласни дека казнените одрдеби во СЗС преку Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарство не се спроведуваат.

**ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ПОПЛАВИТЕ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО АВГУСТ 2016 ГОДИНА**

Југоисточниот регион на Скопје во вечерните часови на 6 август 2016 е погоден од невреме проследено со обилни врнежи од дожд и со силен ветер кои предизвикаа поплави доминантно на територијата на општина Гази Баба. Како функционираше СЗС? Извадокот е од Студија на случај „ Поплавите во скопскиот регион во 2016 година“[122] Студијата на случај ги потврдува истражувањата во однос на функциите на СЗС. Во таа смсила Поплавата ги изнесе овие констатации дека постојат во одговорните субјекти добри плански решенија, но одсуство на добра првична организација на силите вклучени во акциите за заштита и спасување од поплавите. Раководењето со акциите за заштита и спасување покажа бројни аномалии во поглед на редоследот на ангажирање на силите за заштита и спасување и меѓусебна комуникација и координација на субјектите. Контролирањето покажа преку непочитувањето на на стандардите во поглед на урбанистичките проекции и неисполнувањето на стандардите во поглед на градење на инфраструктурата и објектите во погодениот регион слабости или неспроведување на ефективна и ефикасна контрола од страна на одговорните лица. Како резултат на овие слабости загинаа 24 лица и се повредени поовеќе од 60 лица. Овие констатации беа потврдени и на тркалезната маса организирана од страна на Факултетот за безбедност при УКЛО-Битола, на ден 03.10.2016 година во Скопје.[123]

**ЗАКЛУЧОК**

Планирањето во СЗС е релативно добро, но се забележуваат одредени недостатоци, во поглед на ефективноста на планските решенија и нивно ажурирање. Во организациската структура на одговорните субјекти во СЗС се забележуваат преклопување на надлежности. Заради тоа се наметнува потреба од редефинирање на работниоте места во одговорните субјекти и намалување на бројот на силите за заштита и спасување. Секојдневното раководење со СЗС е добро, но се забележуваат слабости во раководењето и командувањето со акциите за заштита ио спасување пред се во делот на редоследно ангажирање на силите и делот на извршување на задачите на учесниците. СЗС во своите плански решенија и позитивната норматива ги исполнува пропишаните стандарди во меѓународни димензии, но нивното спроведување не е на завидно ниво.

Аномалиите на функционирањето на СЗС во РМ преку неговите основни менаџерски функции дојдоја до израз во поплавите во 2016 година каде за релативно краток временски период се случија 24 жртви и стотина повредени, но и голема материјална штета.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Димитровски, Р., Менаџмент, ИМЗ, Скопје, 2008.
[2] Грифин, Р., Principles of management, Основи на менаџмент (превод) Генекс, Кочани, 2010.

---

[122] За потребите на книгата Современ менаџмент на Системот за заштита и спасување, авторите изработија „Студија на случај-Поплавите во Скопскиот регион во 2016 година“, врз база на достапните податоци преку медиумите, каде е тестирано функционирањето на Системот за заштита и спасување во реална ситуација, август, 2016.

[123] Авторот беше учесник на оваа тркалезна маса и даде свој приодомнес и говореше на тема: Функционалноста на СЗС во кризна ситуација со акцент на поплавите во скопскиот региион во август 2016 година, со презентација на Студијата на случај. (03.10.2016, Скопје, 16,00 час.)

[3] Garet, J,, Jennifer, G., Contemporary management, Современ менаџмент (превод), 2010, Скопје,
[4] Стафановска, Л., Солунчевски, М., Стратегиски менаџмент, БАС, Скопје-Битола, 2015,
[5] Солунчевски М., Тимовска М., Современ менаџмент на Системот за заштита и спасување, (работен текст), 2016,
[6] Солунчевски, М., Тимовска М., Студија на случај-Поплавите во Скопскиот регион во 2016 година, август, 2016.
[7] Закон за локална самоуправа, Службен весник на РМ, бр.5/2002
[8] Закон за заштита и спасување, Службен весник на РМ, 36/2004
[9] Закон за пожарникарство, Службен весник на РМ, бр.67/2004
[10] Уредба за начинот на ракување и употреба на планот за ЗС од ПНДН на РМ и за содржината ракувањето и употреба на плановите за ЗС на ЕЛС, ТД,ЈП,ЈУС, службен весник на РМ, број 76/2006.
[11] Уредба за начинот на раководење и командување со силите за ЗС, Службен весник на РМ, бр18/2006.
[12] http://www.dzs.gov.mkhttp://www.dzs.gov.mk/ node.aspx?id=78 (пристапено 14 февруари, 2015)
[13] http://www.psm.mk/nov/images/stories/dokumenti (пристапено 13 февруари, 2016)